Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

Engage
*Empower*
**Safeguard**

12 февруари 2024 година

Почитуван жител на домот за нега на стари лица,

Ви пишувам од Комисијата за квалитет и безбедност за нега на стари лица. Загрижени сме дека има **голем пораст на бројот на стари лица кои НЕ ја примаат дополнителната вакцина (бустер доза) против КОВИД-19** кога треба.

**Сè уште има многу случаи на КОВИД-19 во заедницата.** Бројот на нови заболени случаи со вирусот во моментот е во пораст во домовите за стари лица низ Австралија.

**Староста е најголемиот ризик за сериозно заболување од КОВИД-19.** Луѓето кои живеат во домовите за нега на стари лица се особено ранливи на инфекции со КОВИД-19. Редовното примање вакцина против КОВИД-19 ви дава значителна заштита и го намалува ризикот да развиете сериозна инфекција на КОВИД-19. Редовната вакцинација подразбира дека сте примиле **дополнителна  вакцина (бустер доза) во последните 6 месеци**.

Австралиската техничка советодавна група за имунизација (ATAGI) се водечки експерти за вакцинација против КОВИД-19 во Австралија. Тие советуваат дека главната цел на вакцинацијата против КОВИД-19 е да се намали ризикот од сериозни болести и смрт.

Во февруари 2023 година, **ATAGI ги ажурираше своите препораки. Тие препорачуваат дека сите возрасни лица на 75 години и постари треба да примат дополнителна доза вакцина за КОВИД-19 за 2023 година, доколку поминале 6 месеци од нивната последна доза**. Овој совет сè уште важи во февруари 2024 година. Имунитетот што го добивате од вакцинацијата се намалува со текот на времето. Дополнителни вакцини (бустер дози)  го зголемуваат и одржуваат вашиот имунитет на КОВИД-19.

**Ваша одлука е да се вакцинирате против КОВИД-19 и редовно да примате дополнителни дози (бустери)**. Силно ве охрабрувам да размислите внимателно за ова. Вакцинирањето ја штити вашата благосостојба и вашите сожители. Вашиот давател на грижа за стари лица мора да ви помогне да добиете можност за вакцинација. Слободно обратете се кај нив за вакцинација и побарајте помош од нив да се вакцинирате.

Со почит,

**Janet Anderson, PSM**
**Началник**

J. M. Anderson

**Dr Melanie Wroth, MB BS, FRACP**
**Главен клинички советник**